Република  Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат
http://www.sei.gov.mk/

ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**бр. ИП1-09-06**
Датум 30.01.2023 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитна работилница за производство ,трговија и услуги ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ Виница | |
| Кратко име | ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ Виница | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.“Кочански пат “ ББ  2310 , Виница | |
| Адреса за е-пошта | centrofruta2003@gmail.com | |
| Телефон | 033 362 507 | |
| Матичен број на субјектот | 5698081 | |
| Даночен број на субјектот | 4005002105353 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 250150102288786 | |
| Банка депонент | Шпаркасе Банка АД Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот:   управител | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Кристијан Ѓорѓиев | | centrofruta2003@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | **1. РЕДОВЕН** | 2. ~~ВОНРЕДЕН~~ | 3. ~~КОНТРОЛЕН~~ | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 30.01.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 30.01.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.30 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ЦЕНТРО – ФРУТА  ДООЕЛ,  Виница | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 11.07- Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул.“Кочански пат “ ББ , Виница, 2310 Виница | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

~~1.~~ месечниот план за работа на инспекциската служба за месец  Јануари, 2023 година;
~~2. налог издаден од раководителот на инспекциската служба,бр. _____ од _______ година;~~
~~3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ________ од _______ година;~~
~~4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број _______ од _______ година.~~

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот / ите кој / и го извршил / е надзорот):

Тони Димески , водостопански инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

Редовен инспекциски надзор, согласно месечен план за работа на инспекциската служба за месец Јануари 2023 год. Увидот се врши според член член 230 став (1) точка 19) и точка 33) увид и контрола врз експлотација и мониторинг на сирова вода која е наменета за користење (флаширање-полнење на подземна вода), согласно член 146 и 148 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 52/2016 и 151/2021) и врз основа на член 69,79,82 од Закон за инспекциски надзор (Сл.вес. бр.102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

~~1.~~ Се употребени листи за проверка (Дозвола за користење на вода УП1-11/5-1000/2019)

~~2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):~~

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Кристијан Ѓорѓиев | | centrofruta2003@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | Бојан Андонов | Хемиски лаборант овластен за земање на проби од вода вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзорот: Со известување бр.09 – 01/1 од 10.01.2023 год. субјектот на надзор е запознаен со правата, обврските и целта на инспекцискиот надзор, согласно член 62 за Правата на субјектот на инспекциски надзорот при вршење на инспекциски надзор, член 63 за Обврските на субјектот на инспекциски надзор и член 64 за Целта на инспекцискиот надзор, од Законот за инспекциски надзор (Сл.вес.бр.102/2019).

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба: Во просториите на правниот субјект се изврши увид во документацијата приложена од страна на присутниот претставник на правниот субјект и се констатира:

Правниот субјект ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ Виница, има склучено Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитет “Топлички Рид“, општина Виница со бр.24-5516/1 од 12.11.2014 год. со Министерство за економија (за период заклучно со 02.02.2027 год.). Правниот субјект ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ Виница има Одобрение за експлоатација на минерална суровина - подземна вода со бр.24-1605/4 од 21.05.2007г.издадено од Министерство за економија.

Правниот субјект ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ Виница, црпи и користи вода од подземно водно тело – бунар која е наменета за производство (полнење и флаширање) на минерална вода. Водното право согласно член 26 и 28 од Закон за водите, го остварува врз основа на Дозвола за црпење и користење на вода од подземно водно тело, експлоатационен бунар ЕБ-1 со координати X=4.641.266 Y=7.623.361 лоциран на КП 2413/2 КО Истибања, општина Виница, за полнење и флаширање на минерална вода, со бр. УП1-11/5-1000/2019 од 22.10.2019 год. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, со рок на важење до 02.02.2027 година.

Бунарот е вграден во бетонска шахта,која служи и како заштитна зона за истиот и е покриен со метален капак. Водомерот - мерачот на проток е поставен во бетонска шахта до бетонска шахта од бунар.Во моментот на надзорот состојбата на броилото од водомерот е 32604 $м^3$ . Двете бетонски шахти од бунарот и од мерачот-водомерот се наоѓаат во внатрешниот дел од објектот каде се врши процесот на полнење и флаширање на водата.Зафатените количини на вода од бунарот се евидентираат и се води евиденција за истите на дневна основа кога објектот работи во „Книга за водење евиденција на произведените количини на минерални суровини“.

Во присуство на водостопански инспектор, управителот на правниот субјект ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ Виница и хемиски лаборант, овластен за земање на проби од вода вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани, се спроведе инспекцискиот надзор, со кој треба да се утврди квалитетот на суровата вода и нејзината здравствена безбедност, согласно Правилник за барање за безбедност и квалитет на водата за пиење (Службен весник на Република Македонија бр.183/18), во врска со член 146 и 148 од Закон за водите (Службен весник на Република Македонија број 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021), а врз основа на земен примерок од сурова вода во нејзина изворна состојба, од подземно водно тело-експлотационен бунар ЕБ-1, од кој водата се користи за полнење и флаширање на минерална вода за комерцијални потреби.

Согласно член 146 став (6) од Закон за водите, мониторинг на водите наменети за користење,можат да вршат акредитирани научни и стручни организации и институции и други правни лица кои имаат соодветна опрема, уреди, инструменти и просторни услови за вршење на работите, и најмалку едно лице со високо образование од областа на здравствената заштита. Поблиските услови кои треба да ги исполнуваат акредитираните лица од ставот (6), во однос на стручниот кадар, опремата, уредите, инструментите и просторните услови за вршење на работите, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.

Согласно член 148 став (4) од Закон за водите, правното лице ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ кое за комерцијални потреби црпи / зафаќа вода наменета за производство (полнење и флаширање) на минерална вода и консумирање од страна на човекот, е должно да го следи квалитетот и количината на зафатената или исцрпената вода, да ги чува податоците од извршените мерења и анализи и податоците да ги доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, како и до органот надлежен за безбедност на храна и органите надлежни за здравствена заштита.

Од страна на стручно лице хемиски лаборант вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани, во присуство на водостопанскиот инспектор и управителот на правниот субјект се зеде примерок на сурова вода од резервоар во кој сировата вода од бунарот со помош на подземна пумпа која е вградена во бунарот се зафаќа од бунарот и директно се складира во резервоарот. Од овој резервоар потоа водата се спроведува во процесот на филтрација и полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби..

Извештајот и стручното мислење од извршената бактериолошка и хемиска анализа на сурова вода согласно земен примерок на сурова вода од експлоатационен бунар ЕБ-1 изработен врз основа на лабораториските наоди, стручната анализа и законските прописи, ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани , да го достави во рок од 2 (два) дена до :

- Правниот субјект ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ, ул.“Кочански пат “ ББ  2310, Виница
- Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат Скопје  и
- Водостопански инспектор,  електронски на мејл : t.dimeski@sei.gov.mk

Примерок од овој записник е доставен и на  Бојан Андонов хемиски лаборант овластен за земање на проби од вода, вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани.

- **врз основа на наодот  (да се заокружи само едно):**

~~1.~~ не се утрдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани  во рок од 2 (два) дена по изработувањето на Извештајот и стручното мислење од извршената бактериолошка и хемиска анализа на сурова вода согласно земен примерок на сурова вода од експлоатационен бунар ЕБ-1 изработен врз основа на лабораториските наоди, стручната анализа и законските прописи да го достави до :

- Правниот субјект ЦЕНТРО – ФРУТА ДООЕЛ,
ул.“Кочански пат “ ББ   Виница

-Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат Скопје  и

- Водосотпански инспектор,  електронски на мејл : t.dimeski@sei.gov.mk

~~2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектото на надзор,за што се преземени следните мерки:~~

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки.

12) ~~Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:~~

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>Кристијан  Ѓорѓиев | | Печат и потпис на инспекторот:<br><br>Тони Димески | |
| Датум: | 30.01.2023 год. | Датум: | 30.01.2023 год. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот,да се наведат причините.